До: Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер - Скопје
Agjencia e mbrojtjes të së drejtes për qasje të lirë në informacione me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: | 26.03.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Pranoi | Вредност Vlera |
| 08 | 2 | | |

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: **Адвокат Иво Младеновски Скопје, ул. Јани Лукровски, број: 3 Скопје-Гази Баба, тел. контакт 070/381-826, емаил: IvoMlawyer@mail.com**

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Барање за информации од јавен карактер се однесуваат на прашањата:

1. Се бара одговор зошто врз основа на известување од лицето Иво Младеновски упатен преку електронска пошта до вас на ден 20.12.204 година со која ве известува и ви го препраќа одговорот од Агенцијата за заштита на лични податоци во врска доставен до нив Преставката од ваша страна врз основа на моја жалба доставен до вас против Агенцијата за заштита на ли:ни податоци која ме известува дека наводно во одговорот на моето барање за пристап до информации од јавен карктер ми бил даден на ден 06.12.2024 година со Решение бр. 06-1153-3 иако во самиот одговор воопшто не беа дадени бараните информации е незаконски е спроведен тест за штетност, така да прашањето упатено до вас е зошто на моето известување а врз основа на дадениот одговор на Агенцијата за заштита на ли:ни податоци до мене сеуште немате доставено никакво Решение со кое ја отфрлате, усвојувате или одбивате мојата жалба во кое ќе биде наведено дали службено лице за пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за заштита на лижни податоци постапило согласно закон кога спровело тест за штетност.
2. Се бара одговор зошто врз основа на поднесена Жалба од лицето Иво Младеновски пратена преку електронска пошта до вас на ден 22.01.2025 година против Агенцијата за храна и втеринарство, прашањето упатено до вас е зошто по мојата жалба до мене сеуште немате доставено никакво известување со кое мојата Жалба ја третирате како Претставка ниту пак Решение со кое ја отфрлате, усвојувате или одбивате мојата жалба во кое ќе биде наведено дали службено лице за пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата за храна и ветеринарство постапило согласно закон кога спровело тест за штетност?
3. Се бара одговор зошто врз основа на поднесена Жалба од лицето Иво Младеновски пратена преку електронска пошта до вас на ден 12.12.2024 година против Регулаторна комисија за домување, прашањето упатено до вас е зошто по мојата жалба до мене сеуште немате доставено никакво известување со кое мојата Жалба ја третирате како Претставка ниту пак Решение со кое ја отфрлате, усвојувате или одбивате мојата жалба?
4. Прашуваме бидејќи Агенцијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер наведува со Решение број: 08-90 од 20.03.2025 година ја одбива како неснована Жалбата на жалителот изјавена против Министерство за Правда, наведувајќи во образложение дека му се укажува на жалителот дека своите права и правни односно лични интерси, може да ги ги остварува пред се согласно материјални закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите, во кои тој се јавува како странка и правна заштита може да ја бара согласно тие закони, прашуваме на кои материјални закони во конкретен случај мислат како Агенција кога жалителот не може да добие соодветен одговор дали се води или не се води и зошто не се води регистар на судска полиција согласно член 86 од Закон за судовите, туку од страна на имателот на информацијата се манипулира со одговорот и не се директно одговара на прашањето, туку се одговара со терминот дека не располагаат, што секој би се сложил дека во целост се разликува од прашањето на кое се бара одговорот, а ова се врши со цел за да се оновозможи барателот на информацијата, истата да ја добие во вид на увид во регистерот на припадниците на судска полиција?
5. Прашуваме бидејќи Агенцијата за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер наведува со Решение број: 08-88 од 17.03.2025 година ја одбива како неоснована Жалбата на жалителот изјавена против Централен Регистар наведувајќи во образложение дека жалителот во конкретен случај бара информации за подолг временски период со што истиот наводно го злоупотребува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер на начин што ја оптоварува работата и редовното функционирање на органот, прашуваме согласно кој член од законот за слободен пристап до информација од јавен карактер, Агенцијата утврдила дека жалителот односно барателот го злоупотребува правото на слободен пристап до информации од јавен карктер и како доказ обезбедила Агенцијата од имателот на информацијата дека ваквото барање би ја оптоварило работата и редовното функционирање на органот, освен ако Агенцијата сакал да го заштити имателот на информаци од откривање на одредени информации за коруптивно работење на вработените во органот имателот на информацијата?

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________________

(се наведува барaниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________________

(се наведува барaниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во 25.03.2025________, година .**

**Потпис**
**Адвокат Иво Младеновски**

___________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)